ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 38 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе:

**Правилник**
**за начинот, постапката и критериумите**
**за финасирање програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерес на општина Гевгелија**

**Општи начела**

**I**

За остварување на јавните потреби и јавниот интерес од областа на спортот, Општина Гевгелија усвојува и реализира Годишни програми за финасирање на програми, активности, проекти и манифестации од областа на спортот.

Спортските активности, програми, проекти и манифестации од интерес на Општина Гевгелија кои финансиски ќе бидат поддржани од Буџетот на Општината, треба да ги одразуваат јавните потреби како и потребите утврдени со закон.

Преку реализација на овие програми, целта е Општина Гевгелија во рамки на своите законски надлежности и можностите да обезбеди: развој, стимулирање и презентација на вредностите и достигнувањата во областа на спортот.

**II**

Во согласност со законската регулатива, Општина Гевгелија како единица на локалната самоуправа која води активна политика на обезбедување услови и преземање системски мерки за поддршка на спортот преку финансиска поддршка на:

- традиционалните спортски приредби и манифестации од: локален, регионален, национален и меѓународен карактер;
- програмите, проектите и активностите на сите заинтересирани спортски субјекти кои ќе достават програми и проекти за организирање манифестации и спортски настани од особен интерес за Општина Гевгелија;
- програмите, проектите и активностите на спортисти- аматери, учениците во основните и средното училиште на подрачјето на Општина Гевгелија;
- спортско-рекреативните активности на лица со посебни потреби.

**Начин и постапка**

**III**

За финансиска поддршка на програми, проекти и манифестации од областа на спортот, во смисла на одредбите наведени во делот општи начела, Советот на Општина Гевгелија усвојува Годишна програма за финасирање: програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерес на општина Гевгелија.

Во Програмата, меѓу другото, наведени се сите субјекти и содржини-активности од областа на спортот кои делумно или целосно ќе бидат финансирани од Буџетот на Општината.

**IV**

Сите заинтересирани субјекти за финансиска поддршка од Општината аплицираат на Јавен конкурс кој го распишува Градоначалникот на општината.

Аплицирањето се врши на стандардизирани обрасци кои се задолжителни за секој апликант и се составен дел на документацијата од самиот Јавен конкурс.

Пријавувањето на Јавниот повик се врши со доставување на пополнета пријава (апликација). Апликантите, покрај пријавата, задолжително треба да ги достават и следните документи:

- Документ за регистрирана дејност издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија;
- Потврда за отворена и активна жиро-сметка и
- Во зависност од статусот на апликантот, да се достави Решение за вршење на дејност спорт, издадено од Агенција за млади и спорт на РМ.

## Критериуми за финансирање

**V**

Општина Гевгелија ќе учествува во финансирањето: активности, програми, проекти и манифестации кои ќе допринесат за:

- богат, квалитетен и разновиден спортски живот на ниво на општина Гевгелија;
- развој и унапредување на сите форми на училишен спорт;
- афирмација на масовниот спорт и другите спортови и рекреацијата кај сите возрасни групи и категории на население од општината;
- развој на спортските активности кај лицата со посебни потреби;
- афирмација на општина Гевгелија во државата и на меѓународен план преку спортски активности и резултати на спортисти и екипи од општина Гевгелија;
- продолжување на традицијата со веќе афирмирани спортски активности и манифестации;
- учество на Меѓународни натпревари.

## Критериуми за оценување

**VI**

| Проект | Бодови |
|---|---|
| **апликација** | **25** |
| детално разработена програма/проект согласно правилата од Конкурсот и уредно пополнета пријава (апликација) | 20 |
| искуство на апликантот во реализирање на програми, проекти и активности од областа на спортот | 5 |
| **Буџет** | **25** |
| детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на програмата/проектот | 10 |
| оправданост на трошоците во предложениот | 10 |

| | |
|---|---|
| финансиски план (реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоци по позиции) | |
| обезбедени дополнителни средства од сопствени или други извори | 5 |
| **Квалитет на програмата/проектот** | **50** |
| придонес на проектот во остварување на општите и посебните цели за развојот на спортот во општина Гевгелија | 30 |
| иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата | 10 |
| обезбедена институционална поддршка (покана за учество на турнир, писмо на поддршка од друга спортска екипа или институција, вклученост на еден или повеќе субјекти во реализацијата на проектот) | 10 |
| **Вкупно бодови** | **100** |

**Завршни одредби**

**VII**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

бр. 08-1740 1
18.11.2021 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
Андон Сарамандов